# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2013

20 ГОДИНИ

МАКЕДОНСКИ
ЦЕНТАР ЗА
МЕЃУНАРОДНА
СОРАБОТКА

МЦМС>>

# МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

## ВИЗИЈА И МИСИЈА

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) е организација на граѓанското општество што верува во мир, хармонија и просперитет на луѓето во Македонија, на Балканот и глобално.

МЦМС ја заснова визијата на универзалните принципи на граѓанско општество и партиципативна демократија, владеење на правото, рамномерен и одржлив социоекономски развој, ненасилство, почит и меѓу-зависност и културна разноличност.

Мисијата на МЦМС е да предводи промени со нови и алтернативни решенија на општествените проблеми, кои влијаат на другите актери и кои се вклучуваат во главните текови.

## ЦЕЛИ И МЕТОДИ

**Долгорочни цели на МЦМС се:**

- Социјална кохезија и намалување на сиромаштијата;
- Прифатена културна разноличност, меѓузависност и дијалог;
- Одржлив локален и рурален развој;
- Добро владеење, партиципација и политики насочени од и кон луѓето;
- Вкоренето и динамично граѓанско општество, кое влијае на јавните политики;
- Поддржан евроинтеграциски процес и зајакната регионална соработка;
- МЦМС, независна организација и организација со кредибилитет, способна за силни и ефективни партнерства и сојузи засновани на еднаквост (на национално, регионално и на меѓународно ниво);
- МЦМС е атрактивна и иновативна организација која учи, со локални корени и глобален поглед.

**МЦМС активностите ги остварува преку:**

- Застапување (информирање, градење свест, едукација; креирање и влијание на политики; следење и барање одговорност);
- Развојна поддршка (капацитети и инфраструктура);
- Социјално-хуманитарна поддршка.

Организациските методи се раководење и спроведување.

20 ГОДИНИ

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА МЦМС>>

# ПОРАКА ОД РАКОВОДСТВОТО

Економската криза започната од пред неколку години, иако постепено почна да се стабилизира, и оваа година имаше влијание на економскиот развој на европските земји, што резултираше со пораст на невработеноста која достигна рекордни 12 %.

Од регионот за одбележување е влезот на Република Хрватска во Европската Унија (ЕУ). Кон крајот на годината и Србија ги почна преговорите со ЕУ. Грција ја одбележа годината со понатамошни политички превирања но, и најави за излез од економската криза. Во Македонија се одржаа локални избори кои, и покрај политички превирања што им претходеа поминаа без поголеми инциденти и нерегуларности.

На состанокот на шефовите на дипломатиите на членките на ЕУ, одржан во декември 2013 година, одлуката за почеток на преговори со Македонија и Албанија повторно беше одложена. Во однос на економијата, Македонија и понатаму е во фаза на рано закрепнување од кризата со забележлив пораст на БДП.

МЦМС ја заврши 2013 година со 21 проект, со што го надмина годишниот план (17 проекти). Реализираниот буџет изнесува 60,3 милиони денари, односно 90 % од планираниот. За прв пат по три години, МЦМС забележа раст на приходите што е вовед во постабилно проектно и финансиско портфолио за следните неколку години.

Дел од главните настани за оваа година се: почетокот на спроведувањето на Програмата за борба против корупција финансирана од УСАИД (прв договор на МЦМС со овој донатор) и изборот на НИРАС и МЦМС од страна на СДЦ за подготовка на програмата за поддршка за граѓанското општество, 2014-2017. Од оваа година МЦМС е партнер и во два нови регионални проекти финансирани од ЕУ: Регионална платформа за борба против корупцијата и Развивање на балканското граѓанско општество, а се прошири и досегашната соработка на МЦМС со донаторите од бизнис секторот Сокотаб и Филип Морис преку започнување на нов проект за информирање на земјоделците/тутунари.

Продолжија истражувачките активности. По петти пат се спроведе анкетата за довербата во Македонија, по која беа објавени извештаите за довербата во ГО и за довербата во луѓето и во институциите. Исто така, се спроведе и анкета со компаниите за влијанието на економската криза, како и анализа на околината за развој на претпријатијата.

Беше избран новиот Управен одбор на МЦМС чиј мандат ќе биде за периодот 2013 г. - 2017 г. МЦМС во декември ја одбележа 20-годишнината од основањето.

Александар Кржаловски, прв извршен директор
Димче Митрески, извршен директор




2014

# 20 ГОДИНИ МЦМС

МЦМС одбележа 20 години од своето постоење и работење.

Организацијата спроведе 1.578 проекти со вкупен буџет од 50.980.876 евра. Најголем дел од финансиите беа користени за основна и итна помош (30 %), а најголем број од проектите се однесуваа на граѓанското општество и демократијата (36 %). Најголем дел од финансиите што ги обезбеди МЦМС за спроведување на своите активности беа од Конзорциумот за Македонија (составен од агенции поврзани со Светскиот совет на црквите) и тоа 69 %, потоа, од ЕУ и од други владини и меѓувладини агенции (13 %), додека 12 % се од сопствени приходи.

Повеќе од половината проекти (53 %) се спроведени со финансиска поддршка, а по 20 % се спроведени преку развој на капацитети и застапување. Географски, најголем број од проектите се спроведувале на целата територија на Република Македонија, а според целна група, најчесто биле наменети на општата јавност односно граѓаните.

МЦМС во своето 20-годишно работење спроведе 791 обука и консултација преку кои беа обучени 18.674 претставници не само на граѓанскиот сектор, туку и на државната администрација, локалните самоуправи и бизнис секторот.

МЦМС ја препозна потребата за институционална меморија на анализите, дебатите и решенијата што граѓанскиот сектор ги нуди не само за прашањата од својот сектор туку и за прашањата од поширок општествен интерес. МЦМС издаде 148 публикации. Во последните години се фокусираше на спроведување и публикување на истражувања кои треба да придонесат кон аргументирана расправа за клучните прашања на македонското општество.

За важните општествени прашања МЦМС спроведе 10 кампањи. Најголем дел од нив сè уште се во свежо сеќавање на јавноста, нивните слогани се уште се живи, како на пример „Цело е кога има сè!" или „Кажи Македонија" и „Јас живеам овде". Вредностите и пораките што ги носеа со себе сè уште се актуелни.

Во своите 20 години работа МЦМС покажа дека има висок капацитет за прилагодување на брзите промени кои се случуваат во општеството. Новите предизвици пред организацијата се предводење на понатамошниот развој на граѓанското општество во Македонија и проширување на активностите и надвор од Македонија. Новите генерации на МЦМС се веќе подготвени за соочување со тие предизвици.










СОЦИЈАЛНА
КОХЕЗИЈА
НАМАЛУВАЊЕ НА
СИРОМАШТИЈАТА

# МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО




**СМЕНЕТ ЛИКОТ НА НАЈСТАРОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ВО ДЕМИР ХИСАР**

**Придонес кон унапредување на квалитетот на наставата и зголемување на учеството во наставата во целните училишта на проектот.**

Во текот на 2013 година беа реновирани две основни училишта. Во с.Кукуречани е направена целосна реконструкција на спортската сала и делот за администрација. Во ОУ „Гоце Делчев" во Демир Хисар заменета е фасадата на училиштето.

Двете училишта беа поддржани и во претходните години. Беа реновирани санитарни јазли, подрумски простории и сл. Со новите средства се обезбеди сеопфатно решавање на инфраструктурните проблеми.

Последните две-три години целосно е променет ликот на зградата на најголемото и најстаро основно училиште „Гоце Делчев" во Демир Хисар.

Училиштето е изградено пред повеќе од 50 години, а посериозна реконструкција оттогаш не била направена. Со неколку годишните интервенции на МЦМС, реконструирани се санитарните јазли, заменета е внатрешната и надворешната столарија и направена е реконструкција на фасадата.

„Освен што се модернизирани условите за реализација на наставата, подобрени се и здравствено хигиенските услови, а ќе можеме да заштедиме и на топлинска енергија", вели задоволно Горан Костовски, директор на училиштето.

Последниот проект во вредност од 20.000 евра се однесуваше на целосна реконструкција на над 2000 м2 фасада и заменување на главните светларници со нова ПВЦ столарија.

## И вработените на МЦМС учествуваа во подобрувањето на условите за учење

Вообичаените средства за работа, компјутерите, вработените на МЦМС на 5 октомври 2013 година ги заменија со лопати и копачи за да се ископа, а потоа и затрупа ровот во кој беше поставена инсталацијата за електричното осветлувања на дворот на основното училиште „Гоце Делчев". Акцијата се спроведе заедно со наставниците од училиштето. Со помош на стручни лица, светилките беа поставени и тестирани.

Вработените на МЦМС како дел од активностите за одбележување на 20 годишнината од работењето решија да дадат личен придонес во подобрувањето на условите во кои учат учениците, волонтирајќи во своето слободно време Активноста се спроведе на денот кога се одбележува меѓународниот ден на учителите.

# ПРИСТАП НА РОМИТЕ ДО ФОНДОВИ




**Зајакнати капацитетите на Ромите за аплицирање на ЕУ-фондовите.**

*Во 2013 г. беше поддржана подготовката на 35 проекти за социјално вклучување на Ромите. Беа одржани четири работилници за подготовка на предлог-проекти за повиците на домашните и странските донатори. Благодарение на тоа, одобрени се осум од апликациите со вкупен износ од над 800.000 евра. Односот на донацијата од ФОО спрема генерираните средства е 1:10. Во последните три години одобрени се 22 апликации со вкупен износ од околу 1,2 милиони евра. Беше презентирана анализата „Употребата на ИПА-фондовите во корист на ромската заедница во Македонија“, а Конференција за искористеноста на фондовите од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) за социјална инклузија на Ромите се одржа заедно со Осмиот ромски економски бизнис форум.*

„Постојат многу можности, програмирани средства како и владини програми кои можат да се употребат за ромската заедница. За жал, реализацијата е бавна и средствата не се користат доволно од страна на Ромите“, беше еден од заклучоците на Конференцијата за употребата на фондовите за Роми и Осмиот ромски економски бизнис форум што го организираа МЦМС, општината Шуто Оризари и Ромскиот деловен информативен центар во ноември 2013 година. Од дискусиите се издвоија повеќе препораки. Потребна е поголема вклученост на Ромите во програмирањето на средствата, подобрување на конкурентноста и соработка на граѓанските организации и што е можно посистематско учество во буџетот на државата. Освен тоа, на претприемачите на локално ниво им се потребни олеснувања од страна на локалната самоуправа.

„Потребна е поголема координација на ромските граѓански организации, поголемо учество на Ромите во процесот на програмирање на фондовите и поголем фокус на државниот буџет“, истакна во своето излагање Александар Кржаловски, првиот извршен директор на МЦМС. „Ромите треба да прифаќаат работа наместо социјална помош“, истакна заменик министерот за труд и социјална политика Ибрахими.

За Надир Реџепи, од Фондацијата Отворено општество (ФОО) во Будимпешта потребен е поголем фокус на малите претпријатија. За него, излезот е во јакнењето на човечките ресурси. „Фондови има, може и премногу, но нашата ефикасност мора да биде поголема. Потребни се нови содржини, нови идеи и поголема одговорност од сите“, рече Реџепи.

На Конференцијата зборуваа и Фатмир Бесими, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања и Роберт Лидел, од Делегацијата на Европската Унија.

# ОСПОСОБУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ ПОГОДЕНИ ОД КОНФЛИКТОТ



**ПРЕКУ ОБУКА НИЗ РАБОТА ДО НОВИ ВЕШТИНИ**

**Поддржан пристапот на жените од регионите погодени од конфликтот до пазарот на трудот.**

*Програмата се спроведуваше во општините: Липково, Теарце, Желино, Јегуновце, Чаир, Сарај и Маврово и Ростуша. Беше подготвен извештај за состојбата на пазарот на трудот во седумте општини. Со 92 жени и 40 претпријатија беа склучени договори за обука низ работа. Девет од нив потоа беа вработени во претпријатијата. Вкупно 160 жени ги подобрија вештините за работа со компјутери и учествуваа на курс за англиски јазик. Вештините за вработување ги подобруваа 28 жени, а на курсевите за кроење и шиење и за електронско сметководство учествуваат 23 жени.*

За Алмедина Мехмеди од Јанче обуката низ работа во хотелот Тутуо во с.Јанче беше прво работно искуство. Вели дека првите неколку дена ѝ биле тешки, дури размислувала да се откаже, но како поминувале деновите, станувало сѐ поинтересно. Почнала да се интересира и за другите дејности на претпријатието во кое е ангажирана и секој ден сѐ повеќе учела. Благодарение на ова искуство, таа е заинтересирана и подготвена да учествува и на други курсеви и обуки.

Сестрите Фемие и Самире Шаќири се вклучија во проектот кога нивното семејство се соочуваше со тешка економска состојба. Двете беа дел од обуката низ работа која им го донесе првото вработување. „Не верував дека ќе успеам да се вработам и дека секој може да биде успешен“, ни кажа Фемије. Таа помина три месеци на обука низ работа во маркетите на Даути комерц во Тетово. Задоволна е од тоа како биле примени. По три месеци, компанијата и понудила да се вработи. „Имам работа, ова е моето прво работно искуство, ова е мојот почеток“, раскажува одушевено Фемие.

Самире е помладата од двете сестри. „Потајно посакував да се вработам, ама не верував дека е можно“, вели таа. „Сега ете, со МЦМС, се уверив дека и тоа е можно.“

Самире немала претходно работно искуство. „Околината не прифати, колегите беа добри со нас, беа толерантни и тоа многу ни помогна. Сега си го фатив редот и навистина е добро, всушност, одлично е!“

Благодарение на вработувањето состојбата во семејството се сменила, финансиите се подобриле и сите размислуваат попозитивно.

„Активностите на проектот се многу добри“, вели Фемие и додава дека има и други како неа што сакаат да се вработат, а преку МЦМС ја постигнуваат целта, и животот може да им се смени.

# ОД НОРМА ДО ПРАКСА ЗА ЕДНАКВОСТ




**ДИСКРИМИНАЦИЈА ПО ОСНОВ НА ПОЛ ИМА, АМА ЖЕНИТЕ ТРЕБА ПОАКТИВНО ДА СЕ БОРАТ ПРОТИВ НЕА**

**Развиена поддржувачка околина за еднакви можности на сите луѓе.**

*Беа организирани пет дебати за различни основи на дискриминација. За извршната канцеларија на Комисијата за заштита од дискриминација (КЗД) беше спроведена обука за одржување на веб-страната, а започна со работа и телефонската линија за пријава на случаи на дискриминација. Организирани се три тематски обуки за членовите на КЗД и за другите институции релевантни за заштита од дискриминација. Проектот го спроведуваше МЦМС во соработка со Полио Плус и КЗД.*

„Проблемот на невработеност повеќе ги погодува жените отколку мажите, па така, на крајот од 2012 година стапката на вработени жени била 39 %, за разлика од 61 % кај мажите. Надвор од тоа, само 4 % од вработените жени се сопственички на бизнис, а само 11 % примаат плата над просечната", рече во своето воведно обраќање Савка Тодоровска, претседателка на Националниот совет за родова рамноправност (НСРР) на дебатата на тема „Дискриминација по основ на пол" што ја организираше МЦМС.

Зборувајќи за жените од руралните средини, Тодоровска рече дека тие не можат да користат субвенции од државата бидејќи „само 2 % од нив во руралните средини се сопственички на земјиште", и додаде дека само 4 % од жените имаат финансиска заштеда, а 5 % се сопственички на станбен простор. Таа зборуваше за актуелната состојба на жените во општеството. Во поглед на претставувањето на жените во институциите, таа истакна дека 34 % од членовите на Собранието на РМ се жени, а Владата има две министерки. Во општинските совети жените се застапени со 26,8 %.

Сепак, Тодоровска вели дека постои напредок но дека треба уште да се работи за подобрување на положбата на жената. Таа смета дека проблеми има во општествената свест за дискриминацијата по основ на пол, па и кај самите жени кај кои традиционалната улога е длабоко вкоренета.

Ленче Коцевска, член на КЗД се осврна на улогата и на работата на Комисијата. Таа истакна дека во 2011 година биле поднесени 60 претставки до Комисијата, а во 2012 година тој број пораснал на 75. Од нив, во 2011, три биле по основ на пол, а две по основ на род. Во 2012 биле поднесени вкупно пет претставки по основ на пол, а за првите девет месеци во 2013 година тој број е шест. Најголем број од претставките се за Скопје (44) и најчесто се поднесени против правни лица. Жените поретко се појавуваат како подносители на пријави.

Во дискусијата која што се водеше потоа, беше констатирано дека дискриминацијата по основ на пол постои и дека е потребно барањето за промени и активностите да ги иницираат и водат самите жени.

# РАЗВИЕНИ МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА



## РАКОВОДЕЊЕ СО МРФП

МЦМС ги врши сите раководни, стручни и административни работи за Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП) како нејзина избрана институција за раководење.

Во 2013 година МРФП исплати заеми во вкупен износ од 161.793.517 МКД (околу 2,6 милиони евра) кон три финансиски посредници. Бројот на кредитирани крајни корисници е 979 што претставува 50 % повеќе исплата и 24 % повеќе опфатени клиенти во однос на 2012 г. Со овие кредити поддржани се 840 работни места, а со користењето на кредитите во правец на проширување на својата дејност, овие претпријатија планираат да вработат нови 447 работници. Кумулативно, вкупно исплатените кредити од почетокот со работа на МРФП до крајот на 2013 г. е над 2,4 милијарди денари (39,3 милиони евра) кон 11.144 клиенти, со што се поддржани вкупно 17.637 постојни и 4.424 планирани работни места.

МРФП акредитираше нов финансиски посредник – Фактор труст кој треба да придонесе кон испорака на нов кредитен продукт - факторинг.

Како дел од активностите посветени на промоција на претприемништво, МРФП која е член на Националниот тим на Глобалното истражување за претприемништво (ГЕМ), по четврти пат го спроведе најголемото истражување за претприемништво во светот преку анкета на 2.000 лица и интервјуа на над 36 експерти од разни области. Во 2013 година беше промовиран и Извештајот за ГЕМ за 2012 год.

Продолжи поддршката на активностите од стратешките планови на Сојузот на стопански комори и Стопанската комора на северозападна Македонија.

На крајот на годината традиционално беа избрани најдобрите претприемачи на микро и мали претпријатија за 2013 година.

Во 2013 г. МРФП спроведе значителен дел од активностите од програмите „Пат кон кариера – подобрување на вработливоста на жените од етнички малцинства во источниот регион“ и „Кон алтернативен туризам“ - прекугранична соработка помеѓу Македонија и Албанија, и двете финансирани од Европската Унија.

Во септември 2013 година МРФП ја публикуваше новата веб-страна. Таа е реструктуирана и визуелно и содржински, со голем број информации за активностите на организацијата, но и со публикации и истражувања од интерес на претприемачите, без разлика дали се почетници или искусни во бизнисот.

Во 2013 година, кога МРФП обележа 15 години од нејзиното основање, оствари вишок на приходи над расходи во износ од МКД 27.048.490 кои, како и секоја година, беа распределени за зголемување на фондовите на МРФП.

Повеќе детали за постигнувањата на МРФП може да се видат во Годишниот прогрес и финансиски извештај на МРФП за 2013 година на www.mrfp.mk


ОДРЖИВ
ЛОКАЛЕН
РУРАЛЕН РАЗВОЈ
Форуми во заедницата Делчево
Анализа на форумската
тема: Животна средина

# ФОРУМИ ВО ЗАЕДНИЦИТЕ




**ЌЕ СЕ РЕНОВИРААТ И САНИРААТ СПОРЕДНИТЕ УЛИЦИ ВО ШУТО ОРИЗАРИ**

**Воспоставени партиципативни пристапи во заедниците.**

*МЦМС спроведуваше активности во осум општини: Чешиново-Облешево, Делчево, Желино, Аеродром, Василево, Босилово, Шуто Оризари и Македонска Каменица. Во општина Чешиново-Облешево беше реализиран изгласаниот проект „Специјална механизација за собирање, изнесување и депонирање на смет" и беше одржана последователна сесија. Завршија форумските сесии во Василево-Босилово, во Македонска Каменица-Делчево и во Шуто Оризари. Граѓаните ги избраа проектите: „Механизација за јавните комунални претпријатија"; „Специјални возила за собирање на смет"; и „Реновирање и санација на споредни улици". Во општините Делчево, Аеродром и Желино се спроведуваа претходно избраните проекти.*

Граѓаните на Шуто Оризари го избраа проектот „Реновирање и санација на споредни улици" како најприоритетен проект кој ќе биде финансиран од проектниот фонд на програмата Форуми во заедницата.

Градоначалникот на општина Шуто Оризари, Елвис Бајрам, на присутните граѓани им честиташе на направениот избор, а потоа ги прими и 26-те препораки, за кои истакна дека ќе направи сè што е во рамките на нивните можности, истите да се реализираат во што е можно поголем број.

И граѓаните беа задоволни од резултатите од гласањето. „Среќен сум што најмногу гласови доби проектот за кој навивав од самиот почеток, иако морам да признаам дека и другите проекти се убави и се надевам дека во иднина, општината ќе реализира некои од нив", ни рече Себастијан Селим. Трајан Али имал друг фаворит. „Јас мислев дека проектот за уредување на јавните површини ќе добие најмногу гласови, меѓутоа поголемиот дел од присутните граѓани гласаа за проектот за реновирање на споредните улици. Се надевам дека општината заедно со градоначалникот ќе се потрудат да најдат начин, со општински средства да реализираат и некој од другите проекти од Форумот во заедниците, кои вечерва не беа изгласани од страна на граѓаните", рече Трајан Али.

На крајот на форумската сесија беше формирана Работна група составена од учесници на Форумот, која во наредниот период ќе врши следење на спроведувањето на избраниот проект и препораките дадени од граѓаните.

Форумскиот процес во Шуто Оризари започна во мај 2013 година кога граѓаните ја избраа темата „Патна и сообраќајна инфраструктура", како најприоритетна за нив. Потоа беа идентификувани проблеми и решенија, врз чија основа, беа подготвени концепти за предлог проекти. Откако граѓаните на форумска сесија ги поддржаа концептите, беа подготвени предлог проекти. Финалниот избор на граѓаните се случи на 4 декември 2013 година.




# ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ
# ПАРТИЦИПАЦИЈА
# ПОЛИТИКИ НАСОЧЕНИ
# КОН ЛУГЕТО

# БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА




## ОБУКА ЗА СИСТЕМОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

**Зголемена одговорност на институциите, граѓанските организации и граѓаните.**

*МЦМС започна со спроведувањето на Програмата на УСАИД за антикорупција. Се одржа дводневна работилница со која започнаа подготовките за спроведување на Системот за следење на корупцијата (ССК) во Македонија.*

*Продолжија активностите за зголемување на транспарентноста на државната управа во процесите на креирање политики и подготовка на закони преку проектот „Огледало на Владата“ (www.ogledalonavladata.mk). Објавени се седум неделни прегледи и еден месечен извештај од следењето на Единствениот национален регистар на прописи (ЕНЕР).*

*Преку проектот „Регионална платформа за борба против корупција“, МЦМС е дел од програмата „Граѓанско општество за добро владеење и антикорупција во југоисточна Европа: градење на капацитети за мониторинг, застапување и подигање на јавна свест“. Објавена е „СЕЛДИ - Стратегија и Акциски план за добро владеење и антикорупција во Западен Балкан и Турција“. Одржани се две конференции и обука за методологија за ССК за членките на СЕЛДИ..*

Деветнаесет учесници од граѓанските организации, од Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) и од Министерството за правда во ноември 2013 година ја следеа обуката на тема „Методологија за следење на корупцијата“. Целта беше да се стекнат со знаења за методологијата на Системот за следење на корупцијата (ССК) кој е сеопфатен пристап за мерење на искуствата на граѓаните, перцепциите, подложноста и прифаќањето на корупцијата. ССК е развиен од бугарскиот Центар за изучување на демократијата (ЦИД).

Учесниците се запознаа со основните разлики и предности на ССК во однос на други меѓународни методологии за следење на корупцијата, како и со практичната примена на методологијата во Бугарија како дел од следењето на антикорупциските реформи.

Фокусот беше на теориската позадина на ССК (дефиниција на корупцијата, основните предуслови за корупцијата итн.); индексите за мерење на корупцијата; и практичната примена на ССК за следење на корупцијата во одредени сектори (полиција, правосудство, царина). Учесниците имаа можност да дознаат и како се подготвува Извештајот за следење на корупцијата што е конечен продукт.

Презентациите за актуелни практики на Европската Унија (ЕУ) за следење на корупцијата, како и поврзаноста на организираниот криминал и корупцијата во земјите на ЕУ беа посебно интересни за учесниците.

Обучувачи беа експертите Александар Стојанов, Руслан Стефанов, Тихомир Безлов и Даниела Минева од ЦИД.



# ВКОРЕНЕТО И ДИНАМИЧНО ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО

# ПРОЕКТИ ЗА ВКОРЕНЕТО И ДИНАМИЧНО ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО

**Креирана овозможувачка околина, поддржан понатамошен развој на граѓанското општество и подобрени резултати на актерите на граѓанското општество во Македонија.**

*Како дел од проектот Овозможувачка правна рамка се одржа информативниот настан: „Економските активности и сметководство на здруженија и фондации“ и се публикуваше Прирачник на истата тема. Подготвени беа предлог-амандмани за измени на даночните закони во одредбите кои се однесуваат на граѓанското општество и се одржаа два консултативни настани со граѓанските организации (ГО). МЦМС во координација со Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ) воспостави предлог верзијата на веб-страната www.zzf.mk со цел следење на спроведувањето на ЗЗФ.*

*Во рамките на проектот Обуки и консултации фасилитирани беа шест состаноци за менторство во Косово, спроведени девет обуки и една работилница за актерите на граѓанското општество во Македонија и Косово.*

*Со проектот „Истражувања за актуелни прашања“ се спроведоа четири анкети*




## МАТРИЦА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ОКОЛИНАТА ЗА РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

МЦМС и Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН) организираа промотивен настан за заедничкиот проект „Acquis на балканското граѓанско општество: Јакнење на потенцијалот и капацитетите на граѓанските организации за застапување и лобирање“ поддржан од Европската Унија.

Околу 25 претставници на граѓански организации, државни службеници и претставници од странски и меѓународни организации беа запознаени со содржината на проектот и со основните карактеристики на Матрицата за следење на овозможувачката околина за развој на граѓанското општество. Матрицата е алатка за следење на овозможувачката околина за граѓанските организации која содржи 3 области, осум под-области и 151 индикатор. Развиена е од страна на претставници на организациите членки на БЦСДН со поддршка на Извршната канцеларија на БЦСДН и ЕЦНЛ. Наменета е за следење на овозможувачката околина на земјите од балканскиот регион, пред се, но со одредени прилагодувања може да се примени многу пошироко.

Според Ирена Иванова од Делегацијата на Европската Унија, особено е важно што повеќе од десет македонски граѓански организации се дел од регионалните проекти поддржани од ЕУ, а овој проект е единствен кој е раководен од организација од Македонија. Матрицата може да се користи и од страна на државните органи и од делегациите на Европската Унија во земјите од регионов при подготовка на прогрес извештаите за напредокот на земјите во процесите на приближување кон ЕУ.

# ПРОЕКТИ ЗА ВКОРЕНЕТО И ДИНАМИЧНО ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО




Чинителите на граѓанското општество и граѓанските организации (здруженија и фондации) бележат зголемување на довербата од јавноста во споредба со претходните години и по прв прв имаат доверба од мнозинството граѓани (54,2 %), при што најмногу доверба имаат студентите и младите луѓе до 29 години. Ова се наоди од истражувањето на тема Довербата во граѓанското општество спроведено од страна на Проектот Техничка поддршка на граѓанските организации (ТАКСО) во соработка со МЦМС.

Истражувањето исто така утврдува дека наспроти трендовите во претходните години сега доминира позитивен став во однос на перцепцијата за мотивите за работата на граѓанските организации при што мнозинство граѓани (50,5 %) веруваат дека организациите се изворни иницијативи на граѓаните со цел да се остварат нивните интереси. И ставовите за злоупотреба на граѓанските организации од страна на политичките партии се во опаѓање. Но, сè уште има граѓани кои веруваат дека постои злупотреба пред сè во форма на присвојување на ставови на граѓанските организации или затскривање зад нив (43,5 %) и користење на истите како гласноговорници (20,6 %).

За прв пат е истражена и перцепцијата на јавноста за транспарентноста на граѓанските организации, а резлутатите, наспроти општо позитивните трендови во довербата, покажуваат доминантност на определбата дека граѓанските организации не делуваат транспарентно и не се отчетни за својата работа и финансиите (44,2 %). Една третина од испитаниците (33,3 %) имаат позитивен став кон ова прашање.

Како и во претходните и во ова истражување довербата во одделни потсектори е повисока од просечната (општа) доверба во граѓанските организации. Доминира довербата во организациите за деца, млади и студенти, за лицата со посебни потреби, за жени и родови прашања, за животна средина и за спорт, хоби и рекреација.

Истражувањето е спроведено со теренска анкета - интервјуа „лице в лице“на репрезентативен примерок од 810 испитаници од страна на агенцијата за истражувања М – Проспект.

**МЦМС и НИРАС ќе ја подготвуваат новата програма за развој на граѓанското општество**

Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) ги ангажираше данската компанија НИРАС и МЦМС да ја подготват новата програма за развој на граѓанското општество. Подготовката ќе трае од октомври 2013 година до март 2014 година. До крајот на 2013 година се одржаа осум регионални тркалезни маси со учество од над 100 претставници на граѓанските организации и беа направени 23 интервјуа со членови на граѓански организации, експерти, претставници на органите на државната управа и сл.



ПАРТНЕРСТВА
ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА
ПОДДРШКА

# ПАРТНЕРСТВА И ПОДДРШКА




## ОДНОСИ СО АКТЕРИТЕ

Соработката на МЦМС се одвиваше со домашните и странските граѓански организации, со министерствата и со државните институции.

Во рамките на односите со домашните организации и институции може да се издвои соработка со Институтот за политички и интеркултурни студии (ИПИКС) со кој се организираа две дебати на тема „100 години од Балканските војни: историска можност за трајно помирување помеѓу народите" и „Името наспроти ЕУ и НАТО: Лажна дилема".

Активна беше и соработката со странските институции и организации. МЦМС учествуваше во процесот на консултациите за насоките на Европската комисија за поддршка на граѓанското општество за 2014-2020 година, како и на консултации за програмирање на ИПА 2 програмата односно подготовка на Стратешкиот документ за Македонија (2014-2020) и на активности за поддршка на бизнис секторот.

Продолжи соработката со Обединетата македонска дијаспора (ОМД). Покрај размената на информации, МЦМС ја поддржа и учествуваше на четвртата глобална конференција на ОМД на тема 100 години од Букурешкиот договор, која се одржа во јули во Скопје.

МЦМС и во 2013 г. учествуваше и го поддржа Заедничкиот консултативен комитет на Република Македонија и Европската Унија за граѓанско општество (ЗКК). Во 2013 г. Александар Кржаловски, првиот извршен директор на МЦМС, беше избран за член на ЗКК со мандат од две години.

И регионалната соработка беше интензивна. Соработниците на МЦМС учествуваа на околу 30 состаноци и настани на различни теми.

## ПОДДРШКА -ОДРЖЛИВ МЦМС

### Пристап кон извори на финансирање

Во текот на 2013 г. беа подготвени и поднесени вкупно 22 нови апликации. Од овие апликации, за седум имаше позитивен одговор, а за пет сè уште се чека одговор.

### Волонтерство

МЦМС продолжи со својата пракса за ангажирање волонтери. Во текот на 2013 г. стигнаа 24 пријави за волонтирање. По селекцијата и организација на приемот беа ангажирани вкупно седум волонтери во два периоди во текот на годината.

# ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА



Односите со јавноста оваа година во голема мерка беа во знакот на одбележувањето на 20 годишнината од основањето на МЦМС. Покрај промотивните материјали, беа подготвени три инфографици преку кои беа претставени историскиот развој на МЦМС, статистика на постигнатите резултати и статистика за присуството на МЦМС на интернет.

Со кампањата која се одвиваше преку веб-страната на МЦМС и профилите на социјалните медиуми беа објавувани годишните постигнувања, информации поврзани со методите на работа на МЦМС, интернет присуството и присуството на социјалните медиуми, како и галерии на фотографии.

Резултатите на МЦМС и 20 годишниот развој беа претставени и во три видеографика кои се однесуваа на: вредностите на кои почива работата на МЦМС; на луѓето кои се главната предност на МЦМС и на резултатите.

Настанот на кој свечено беше обележана 20 годишнината од основањето се одржа на 12 декември 2013 година во хотелот Холидеј ин во Скопје. Постигнувањата беа презентирани пред повеќе од 400 гости, соработници и пријатели на МЦМС.

МЦМС во рамките на своите проекти и програми публикуваше 23 нови наслови кои во најголем број се резултат на истражувањата кои се правени во текот на годината. Сите се достапни на веб страницата на организацијата.

Од редовните активности, во текот на 2013 година издадени се 12 броја на е-билтенот. Годишниот извештај е издаден во електронска форма (на ЦД) на македонски, на албански и на англиски јазик. Покрај тоа, резиме од Годишниот извештај беше објавено и во печатените медиуми.

Веб-страната постојано се ажурираше. Бројот на посети во однос на претходната година се зголемил за повеќе од 9%. МЦМС продолжи дел од содржините на веб-страната да ги публикува и на социјалните медиуми.

Целта е да се овозможи поголема видливост на работењето на МЦМС. Затоа, ги користевме Фејсбук и Твитер за градење интерактивна заедница, а на Скрибд ги објавувавме публикациите и презентациите од настаните. Преку Јутјуб беа презентирани видео записите направени за активностите.

МЦМС продолжи да комуницира и преку традиционалните медиуми. За нашите активности медиумите известија низ 324 прилози/текстови.

# ОРГАНИЗАЦИЈА









Оваа година заврши четиригодишниот мандат на досегашниот состав на Управниот одбор (УО) на МЦМС. На седницата на Советот на МЦМС одржана на 30 мај 2013 година беше избран новиот состав на УО. Мандатот на новиот состав ќе трае до 2016 година. На истата седница беа избрани три нови членови на Советот со што се комплетираше неговиот состав.

## Совет на МЦМС

- Африм Таири (ИВЗ)
- Беким Имери (Светска банка)
- Бехиџудин Шехапи (Ел хилал)
- Бјанка Суботиќ (ЕЗРМ)
- Бобан Мицевски (МПЦ)
- Владимир Мисев (ИДСЦС)
- Габриела Мицевска (ЦЕПроСард)
- Ганка Цветанова (Институт Охрид)
- Горан Михајловски (Вест)
- Душица Перишиќ (ЗЕЛС)
- Звонко Шаврески (Полио плус)
- Лилјана Алчева (Хабитат)
- Марија Ацковски (ЕМЦ)
- Никица Кусиникова (Конект)
- Ратко Лазаревски (Нова Македонија)
- Ризван Сулејмани (ИПИКС)
- Самет Скендери (ИнСок)
- Сашо Клековски (УО на МЦМС)
- Славко Велевски (општина Могила)

## Управен одбор

1. Ризван Сулејмани, претседавач, доктор по политички науки, директор на Институтот за политички и меѓукултурни студии во Скопје
2. Габриела Мицевска, заменик-претседавач, раководител на сектор за земјоделство и рурален развој во ЦеПроСАРД
3. Бехиџудин Шехапи, претседател на Ел хилал
4. Ванчо Стојанов, градоначалник на општина Василево
5. Горан Михајловски, главен и одговорен уредник на „Вест“
6. Ѓоко Ѓорѓевски, Македонска православна црква
7. Ратко Лазаревски, управител на „Нова Македонија“

# ПЕРСОНАЛ ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА











**Прв извршен директор**
Александар Кржаловски
akr@mcms.mk

**Извршен директор**
Димче Митрески
dmt@mcms.mk

**Група за вработување**

Тетјана Лазаревска
tlz@mrfp.mk

Лазар Неданоски
lnd@mrfp.mk

Глигор Михаиловски

Јасмина Поповска

Димитар Смилјановски
dsm@mrfp.mk

**Група за граѓанско општество**

Емина Нурединоска
enr@mcms.mk

Даниела Стојанова
dsj@mcms.mk

Марија Саздевски
msz@mcms.mk

Симона Огненовска
sog@mcms.mk

Борјан Ѓузелов
bgz@mcms.mk

**Група за информации**

Гонце Јаковлеска
gjk@mcms.mk

Борис Ристовски
brs@mcms.mk

**Група за развој**

Валентина Чичева
vch@mcms.mk

Дарко Димов
ddm@mcms.mk

Фисник Шабани
fsh@mcms.mk

Сара Мустафа
sms@mcms.mk

**Административна група**

Милка Божиновска-Миова
mmv@mcms.mk

Кренар Кука
kkk@mcms.mk

Адис Рахиќ
arh@mcms.mk

Данило Митов
dmv@mcms.mk

На крајот од 2013 г. МЦМС имаше 22 соработници, од кои 16 се со заснован полн работен однос на неопределено време.

# НЕЗАВИСНО РЕВИЗОРСКО МИСЛЕЊЕ

MOORE STEPHENS
SKOPJE

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**
**ДО**
**СОВЕТОТ НА**
**МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС), кои што го вклучуваат Извештајот за финансиска состојба заклучно со 31 декември 2013 година, како и Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промени во главнината и Извештајот за парични текови за годината која завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството на Друштвото е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Македонски центар за меѓународна соработка заклучно со 31 декември 2013 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината која што завршува тогаш во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија.

Скопје, 21 мај 2014 година

| **Овластен ревизор** | **Управител и Овластен ревизор** |
|---|---|
| Гоце Христов | Антонио Велјанов |

Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО СКОПЈЕ

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ 2013

| ПРИХОДИ | 2013 | 2012 |
|---|---|---|
| **Донации и грантови** | | |
| Европска унија | 13.562 | 7.396 |
| Швајцарска агенција за развој и соработка (СДЦ) | 9.726 | 11.622 |
| Сокотаб и партнери, Швајцарија | 8.120 | 5.739 |
| Фондации Отворено општество Будимпешта | 4.917 | 1.459 |
| Агенција на САД за меѓународна помош (УСАИД) | 4.324 | 0 |
| Други донатори | 2.704 | 0 |
| **Вкупно донации и грантови** | **43.354** | **29.966** |
| **Сопствени приходи** | | |
| Македонска развојна фондација за прет. (МРФП) | 10.446 | 10.415 |
| Други сопствени приходи | 3.115 | 711 |
| **Вкупно сопствени приходи** | **13.561** | **14.040** |
| Камати и позитивни курсни разлики | 4.295 | 3.791 |
| Вонредни приходи | 195 | 1.328 |
| ВКУПНО ПРИХОДИ | 61.405 | 49.125 |

| РАСХОДИ | 2013 | 2012 |
|---|---|---|
| **Добротворни расходи** | | |
| Проекти за модернизација на образованието (ПМО) | 6.289 | 4,608 |
| Форуми во заедниците (ПФЗ) | 4.998 | 7.240 |
| Оспособување на жени од конфликтни подрачја (ОЖП) | 6.520 | 236 |
| Пристап на Ромите до ЕУ фондови (ПРФ) | 3.117 | 1. 603 |
| Добро владеење и партиципација (ДВП) | 1.990 | 2.342 |
| Борба против корупција (БПК) | 2.315 | 0 |
| Вкоренето и динамично ГО (ВДГ) | 3.046 | 3.996 |
| Социјална кохезија (СКХ) | 3.263 | 0 |
| **Вкупно добротворни расходи** | **31.538** | **20.668** |
| **Оперативни расходи** | | |
| Плати и надоместоци за персоналот | 16.753 | 15.444 |
| Други оперативни расходи | 12.072 | 12.141 |
| **Вкупно оперативни расходи** | **28.825** | **27.816** |
| ВКУПНО РАСХОДИ | 60.363 | 48.484 |
| БИЛАНС пред оданочување | 1.042 | 641 |
| Данок на вишок на приходи над расходи (добивка) | 138 | -181 |
| БИЛАНС | 904 | 459 |

| СРЕДСТВА | 2013 | 2012 |
|---|---|---|
| **Постојани средства** | | |
| Основни средства | 11.499 | 13.767 |
| Нематеријални вложувања | 960 | 960 |
| Фонд за домување | 9.129 | 10.004 |
| **Вкупно постојани средства** | **21.589** | **24.731** |
| **Обртни средства** | | |
| Парични средства | 6.137 | 6.063 |
| Аванси | 4.468 | 2.013 |
| Побарувања од купувачите | 2.918 | 2.413 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 52.732 | 79.852 |
| Останати побарувања | 17.188 | 12.846 |
| **Вкупно обртни средства** | **83.443** | **103.187** |
| ВКУПНО СРЕДСТВА | 105.032 | 127.918 |

| ОБВРСКИ И ФОНДОВИ | 2013 | 2012 |
|---|---|---|
| **Краткорочни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачите | 6.380 | 3.704 |
| Други краткорочни обврски | 1.776 | 25.725 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | **8.156** | **29.429** |
| Пасивни временски разграничувања | 0 | 928 |
| **Вкупно пасивни временски разграничувања** | **0** | **928** |
| Примени приходи за следни години | 5.708 | 6.500 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **13.864** | **36.856** |
| **Фондови и резерви** | | |
| Фондови | 91.062 | 90.602 |
| Разлика приходи/расходи во тековен период | 106 | 459 |
| **ВКУПНО ФОНДОВИ И РЕЗЕРВИ** | **91.167** | **91.062** |
| ВКУПНО ОБВРСКИ И ФОНДОВИ | 105.032 | 127.918 |

Консолидиран биланс на приходи и расходи, биланс на состојба на ден 31 декември 2013 год.
(во илјада македонски денари, 1 ЕУР = 61.5113 МКД)

**МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**

ул. „Никола Парапунов“ бр. 41а
П. фах 55, 1060 Скопје
Република Македонија

Т: 02/3065-381
Ф: 02/3065-298
mcms@mcms.mk
www.mcms.mk